# МАТИЧНИТЕ ЛЕКАРИ ВЛЕГОА ВО ВОЈНА СО СПЕЦИЈАЛИСТИТЕ

**Матичните лекари имаат поголеми примања од нас и поради тоа, Фондот за здравство треба да направи прераспределба на средствата за плати од примарното во терцијарното здравство, побара вчера синдикалниот лидер на скопските клиники, лекарот Дејан Ставриќ.**

Според него, барањето за зголемување на платите на специјалистите, во споредба со тоа за сè што се трошат пари во државава, не е ништо.

- Имате ситуација каде што лекарите во општа пракса и матичните лекари имаат два до трипати поголеми примања во споредба со специјалистите во секундарна или во терцијарна заштита, што е само по себе нелогично. Ова побарување што ние го бараме е смешна цифра во рамките на буџетот што го има Фондот. Покачување на 50 до 70 отсто на специјалистите би повлекло износ од 5 до 6 милиони евра на годишно ниво, што е незначително во рамките на буџетот на Фондот, кој изнесува околу 360 милиони евра годишно - вели доктор Ставриќ.

Тој додава дека продолжуваат со штрајкот, сè додека не дојде до конкретно решение меѓу нив и министерот за здравство Никола Тодоров.

Неколку часа по изјавата на доктор Ставриќ, на нозе се кренаа матичните лекари. Лиле Чолакова-Дервишова, претседателка на Здружението на приватни лекари, излезе со контранапад врз специјалистите од Клиничкиот центар.

- Сметаме дека е крајно време да ставиме точка на ваквите дезинформации и тоа од луѓе што работат во јавното здравство да коментираат за состојбите во приватното здравство. Приватниот сектор ќе ги отвори вратите за колегите што штрајкуваат цел месец и ќе ги повикаме да бидат приватни, бидејќи е многу лесно да се зборува кога си заштитен под капата на Клиничкиот центар. Одговорно тврдам дека секој матичен лекар зема плата од 15.000 до 20.000 денари - тврди лекарката Чолакова-Дервишова.

Според неа, капитацијата не е плата, туку од тие средства се плаќаат вработените, книговодителите, софтверот и ампулите.

Лекарите-штрајкувачи денеска очекуваат нова рунда преговори со министерот за здравство Никола Тодоров.

Ирена Мулачка